ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:14 – 331/1**

**Дата:** 14.02.2013

**ДО**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Државната изборна комисија (во понатамошниот текст ДИК) на сметка на основен буџет (637) за 2011 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ДИК за 2006 година и не е изразено мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатот од финансиските активности како и за законско и наменско користење на средствата.

Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека ДИК делумно превземал мерки по дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

За финансиските извештаи на ДИК за 2011 година како и за финансиските активности и усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики изразивме негативно мислење.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби кои не се во согласност со законските, подзаконските и интерните акти на ДИК, кои пред се, се однесуваат на:

- недонесен акт од надлежните органи за доделување на користење на недвижниот имот (деловен простор) и движен имот (средства за работа) од Министерството за правда во корист на ДИК;
- неизвршено упишување на правото на користење на недвижните ствари доделени на користење на ДИК;

- неправилно постапување при извршување на активностите на пописот и донесувањето на актот за прифаќање на истиот;
- недоследности во начинот на евидентирање и признавање на материјалните и нематеријалните средства;
- неправилно постапување при извршување на активности при доделувањето на договорите за јавни набавки.

Раководителот на субјектот потребно е да ги превземе потребните мерки и активности за надминување на утврдените состојби.
Констатиравме одредени системски слабости во делот на статусот на заменик Генерален секретар, неусогласеност помеѓу Законот за државните службеници и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија како и законите кои го уредуваат оданочувањето на изборните активности.
Извршивме обелоденување во врска со просториите каде се врши чување на доверливиот и недоверливиот гласачки материјал како и за применета донација од мисијата на OSCE.

Генералниот секретар на ДИК на ден 27.12.2012 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година, при што дел не се прифатија, дел по својата содржина претставуваат известување за превземените мерки по дадените препораки на овластениот државен ревизор а постапувањето на надлежните органи во делот на утврдената состојба во точка 4.2.1. се обелоденува во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 25 до 27 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на ДИК, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2011 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2006 година на ДИК и не е изразено мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба, не е изразено мислење за резултатот од финансиските активности и не е изразено мислење за законско и наменско користење на средствата.

1.4. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ДИК за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.5. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Александар Новакоски, претседател на ДИК од 04.12.2008 до 25.02.2011 година;
- Борис Кондарко, претседател на ДИК од 12.04.2011 ;
- м-р Субхи Јакупи, потпретседател на ДИК од 14.04.2006 година и
- Биљана Стојановска, генерален секретар на ДИК од 01.11.2005 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ДИК се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на

соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.07.2012 година до 14.09.2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата за 2006 година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфаќа ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2006 година. Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека ДИК делумно превземало мерки по дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор (Преглед 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ДИК, одржан на ден 10 октомври 2012 година.
Генералниот секретар на ДИК на ден 27.12.2012 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година.

Забелешките се разгледани, при што дел не се прифатија, дел по својата содржина претставуваат известување за превземените мерки по дадените препораки на овластениот државен ревизор а постапувањето на надлежните органи во делот на утврдената состојба во точка 4.2.1. се обелоденува во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.
Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог на Конечниот извештај.

### 4.1. Интерни контроли

**Процес на доделување на договорите за јавните набавки**

4.1.1. Извршивме оценка на системот на интерни контроли на процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки и следење на нивната реализација, со што констатиравме дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки, кои создаваат ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки и набавка на производи и услуги по цени и услови кои не се најповолни.
Ваквата состојба предизвикува да:

- нема определено лице за вршење на работите поврзани со подготовка и спроведување на постапките за доделување на договорите за јавна набавка како и реализација на истите. Со актот за систематизација на работните места во стручната служба на ДИК определено е едно работно место – Советник за јавни набавки, кое во известувачкиот период не е пополнето;
- за спроведување на изборните активности формирано е помошно тело во секторот за финансиски прашања при што се ангажирани надворешни лица кои учествувале во подготвувањето на вкупно 17 постапки за доделување на договори за јавни набавки поврзани со изборните активности за што нема донесено акт со кој ќе се утврдат нивните задолженија и одговорности од една страна и нивните права од друга страна[1];
- присутно е несоодветно планирање и обезбедување на средства за јавните набавки.

Утврдените состојби имаат за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките и несоодветно користење на средства.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе мерки за:
- донесување на акт за определување лице или организационен облик во чии рамки ќе се вршат и работите од обласа на јавни набавки;
- донесување/усвојување, воспоставување и имплементација на контролни постапки во процесот на доделување на договорите за јавни набавки и следење на нивната реализација.

**Процес на набавки и плаќања**

4.1.2. Со извршената оценка на системот на интерни контроли кај процесот на набавки и плаќања ревизијата констатира дека не се воспоставени соодветни интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од некомплетност, ненавременост и погрешни плаќања по основ на примената финансиска документација. Ваквата состојба предизвикува:
- отсуство на пишани процедури за движењето на финансиската документација и одобрување на истата од страна на одговорните лица на субјектот и јасно дефинирани надлежности и одговорности на вработените вклучени во процесот на набавки и плаќање;
- нема назначено лице за вршење на работите во функција на сметководствена, материјална, суштинска, формална и законска контрола на сметководствената документација. За делумно

[1] Во текот на вршење на ревизијата членовите на помошното тело доставија до ДИК Извештај за работа бр.03-1092/2 од 07.08.2012 година.

надминување на наведената состојба раководителот на секторот за финансиски прашања воспоставил пракса на компензирачка контрола со изработка на дополнителен документ со кој, за дел од сметководствените документи приложува посебен образец кој е авторизиран и во кој се наведува „Да се исплати од Финансискиот план.“;
- не секогаш постои доказ за извршена контрола и потврдување на приемот на набавените стоки и услуги;
- не секогаш постои доказ за одобрување за плаќање од раководителот на субјектот или друго лице овластено за превземање на финансиски обврски.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава ризик за веродостојноста, точноста и комплетноста на презентираните податоци во финансиските извештаи.

Кон крајот на известувачкиот период преземени се извесни мерки за надминување на дел од утврдените состојби во насока на набавка на софтверско решение насловено како „модул за фактурирање“и донесување на интерен акт Упатство за спроведување на процедура за плаќање на превземени финансиски обврски кои не биле применети при набавките и плаќањата во известувачкиот период, при што презентирани се:
- Упатство за спроведување на процедура за плаќање на превземени финансиски обврски број 01-34/1 од 05.01.2012 година;
- Решение за давање генерално овластување број 03-30/1 од 05.01.2012 година;
- Решение за внатрешна распределба на вкупно одобрениот буџет за 2012 година број 05-24/2 од 24.04.2012 година и
- листи за проверка за превземена финансиска обврска.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да воспостави контролни постапки со јасно утврдени и разграничени надлежности и одговорности на вработените и осигури нивна примена, преземе мерки за целосна имплементација на набавениот софтвер за фактурирање и негово интегрирање со постојниот софтвер за финансиско работење.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Врз основа на Спогодба за превземање и вработување на државен службеник без јавен оглас во ДИК вработени се повеќе државни службеници од Министерството за Правда - Подрачни одделенија односно канцеларии по одредени градови кои вработени биле ангажирани на извршување на работните задачи во секторите за избирачки списоци и евиденција на избирачкото право. Склучувањето на наведените спогодби не е пропратено со акт од Владата на Република Македонија за доделување на

користење на недвижниот имот (деловниот простор) и движен имот (средства за работа) со што ќе се изврши уредување на имотно правните прашања и спроведување на делбен биланс. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Наведената состојба предизвикува: неможност ДИК да изврши запишување на правото на користење во надлежната агенција; утврдување на нивната вредност; известување на надлежните органи и влијае на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

Во Службен весник на Република Македонија број 132/2012 објавена е Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државната изборна комисија заведена под број 41-7529/1 од 16 октомври 2012 година.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе мерки за:

- известување на надлежниот орган за донесување на акт за правото на користење на недвижниот имот кој го користат вработените на подрачните одделенија/канцеларии на ДИК;
- иницирање на запишување на правото на користење на недвижниот имот кај надлежната агенција;
- спроведување на делбен биланс со другите државни органи;
- евидентирање на недвижниот/движниот имот на ДИК во финансиските извештаи;
- навремено известување на надлежните органи[2].

4.2.2. Спроведувањето на внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор е уредено со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, согласно кои е задолжително основање на единица за внатрешна ревизија како одделение со најмалку два внатрешни ревизори, вклучувајќи го и раководителот на одделението за внатрешна ревизија. Со извршениот увид во актот за систематизација на работните места во стручната служба на ДИК и презентираниот преглед на работни места, ревизијата констатира дека во стручната служба на ДИК предвидено е формирање на посебна организациона единица одделение за внатрешна ревизија со раководител на одделението за внатрешна ревизија и уште еден внатрешен ревизор (советник за внатрешна ревизија). И покрај превземените активности од страна на ДИК за обезбедување на потребната согласност за вработување на еден внатрешен ревизор (раководител на одделение), заклучно до денот на известување од извршената ревизија не е извршено вработување.

Погоренаведената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава ризик од необезбедување на независно, разумно, објективно уверување и совет на раководителот на

[2]Агенција за катастар на недвижности и Министерство за финансии.

субјектот со цел подобрување на работењето на ДИК и зголемување на ефикасноста на системите на внатрешната контрола.

**Препорака**
Раководителот на субјектот на ДИК во соработка со надлежните органи да продолжи со превземените активности за вработување на внатрешен ревизор односно да обезбеди потребна согласност и реализира вработување на потребниот број на внатрешни ревизори.

4.2.3. За спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 5-ти јуни 2011 година, Државната изборна комисија донела повеќе одлуки и измени и дополнувања на истите, за формирање на помпошни тела во кои се ангажираат и надворешни лица. Во донесените одлуки освен наведувањето на имињата и презимињата на ангажираните лица, истите не содржат податоци за видот на конкретната работа/задача која ќе ја извршуваат (освен Одлуката за формирање на помошно тело во Секторот за информатичка технологија).
Отсуството на јасно дефинирани обврски/работни задачи кои треба да се извршат предизвикува неможност од потврдување на реалноста и објективноста на исплатените надомести на лицата ангажирани во работните тела и создава можност од постоење на субјективен пристап при определувањето на висината на надоместите за исплата.

**Препорака**
Раководителот на субјектот при донесувањето на интерните акти за формирање на помошни тела да практикува освен составот на членовите кои што ќе бидат вклучени во истите да ги уреди периодот на нивниот ангажман, нивните права и обврски вклучувајќи и конкретни работни задолженија и ангажмани.

**4.3. Финансиски извештаи**
**Информациони системи**

4.3.1. Со извршената ревизија на софтверската апликација за водење на деловните книги ревизијата констатира:
- ниско ниво на заштита при најавување за работа со апликациите. Едно корисничко име и лозинка го користат сите вработени кои работат со истата;
- податоците од минати фискални години не се заклучени и може да се променат.

Наведената состојба не е во согласност со Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, што создава можност од интервенирање и промена на историските податоци и неможност од утврдување на првобитно регистрираните податоци.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе мерки и активности за:

- дефинирање на посебни кориснички имиња и лозинки за сите вработени кои работат со апликацијата;
- дефинирање на политики за заклучување на историските податоци и оневозможување на нивна промена.

**Биланс на состојба**

4.3.2. При увид во начинот на евидентирање и искажување на обврските по основ на влезни фактури и други акти, во деловните книги на ДИК утврдивме отсуство на воспоставена аналитичка евиденција по добавувачи; невоспоставено хронолошко и ажурно евидентирање на истите при што на крајот на известувачкиот период се врши збирно искажување на дел од доспеани а неплатени обврски. Исто така констатиравме неусогласеност на почетната и крајна состојба на пренесените обврски во 2011 година во износ од 749 илјади денари односно 508 илјади денари.

Утврдената состојба не е согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници што влијае на реалното и објективното утврдување/искажување на обврските во финансиските извештаи за тековната година и квалитетот на информациите содржани во истите.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе активности за пропишување на политики за воспоставување аналитичка евиденција, начинот на прием, одобрување и евидентирање на влезните документи на име обврски.

Раководителот на субјектот да го задолжи одговорното лице за водење на деловните книги да обезбеди навремено, хронолошко и точно евидентирање на влезните документи (фактури).

4.3.3. Согласно Одлуката за изменување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар (“Службен весник на Република Македонија“ број 18/09), ДИК се стекнува со право на користење на четврти кат од деловно - административен објект, со вкупна површина од 883 $м^2$. Со извршениот увид на расположливата документација, ревизијата констатира дека за наведената површина не е извршено упишување на правото на трајно користење на имотот во надлежната агенција, не е извршено евидентирање на истиот во деловните книги, не се доставени податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари до Агенцијата за катастар на недвижности со состојба 31 декември тековната година и не се доставени податоци до Министерството за финансии за вкупната сметководствена вредност на движните ствари кои ги користи ДИК со

состојба 31 декември во тековната година. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за катастар на недвижности, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Наведеното предизвикува неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаните податоци во Билансот на состојбата, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите, како и некомплетни и нецелосни податоци за вкупната вредност на движните и недвижните ствари со кои располага Република Македонија.

До денот на известување од извршената ревизија, на ревизијата и е презентирано Барање за издавање имотен лист (број 03-1399/1 од 19.09.2012 година) упатено до Агенцијата за катастар на недвижности со кое ДИК бара да и биде издаден имотен лист.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ги задолжи одговорните лица да продолжат со превземените активности за запишување на правото на користење на наведениот недвижен имот, истиот го воведат во евиденцијата во деловните книги и на крајот од секоја година да доставуваат податоци за сметководствената вредност на недвижните и движните ствари до надлежните органи.

4.3.4. Од извршениот увид во расположливата документација за спроведениот попис за 2011 година, ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- со Решението за формирање на комисија за извршување на попис не се делегирани надлежности за утврдување на состојбата на сите средства и извори на средства со кои располага ДИК;
- пописните листи не содржат вредности и инвентарни броеви;
- лицето кое што е материјално задолжено за дел од материјалните средства што се предмет на попишување истовремено е и член на пописната комисија;
- во приложениот преглед за мебел и друга опрема кој е составен дел од Извештајот од извршениот попис не е извршено разграничување на ситниот инвентар од основните средства;
- не е извршено попишување на лице место во сите 34 подрачни одделенија и канцеларии на ДИК;
- пописот на доверливиот и недоверливиот гласачки материјал сместен во касарната "Илинден" е извршен од страна на надворешно лице за кое не е презентиран акт за негово овластување/задолжување за вршење попис. На попишаните количини нема утврдено вредност и истите не се евидентирани како залихи во деловните книги;

- не е изготвен рекапитулар/збирен преглед за извршено усогласување на фактичката состојба на средствата утврдена со пописот со сметководствената евиденција;
- не се превземени активности за разгледување на Извештајот од извршениот попис за 2011 година“ од страна на одговорното лице и не е донесен акт за начинот за постапување по предлогот од пописната комисија, а со тоа и не е спроведена потребната евиденција во деловните книги.

Недоследното почитување на законските и подзаконските акти за вршење на попис и невоспоставената евиденција на залихите на материјали има за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните состојби на средствата, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите што ги даваат истите.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе активности за:

- задолжување на лицата номинирани за вршење попис за целосно, правилно и квалитетно извршување на пописот;
- разгледување и усвојување на извештајот за попис и донесување акт за начинот на постапување по извршениот попис.

4.3.5. На позицијата Постојани средства (материјални и нематеријални) во деловните книги на крајот на известувачкиот период искажана е состојба во износ од 19.718 илјади денари. Со извршениот увид во расположливата документација за искажување на вредноста на постојаните средства, ревизијата констатира:

- не е воспоставена целосна, правилна и навремена сметководствена евиденција (материјална и финансиска и по подрачни одделенија/канцеларии на ДИК) на материјалните и нематеријалните средства;
- во материјалната евиденција прикажани се средства во вкупен износ од 1.548 илјади денари без притоа да има аналитичко разграничување по назив на основно средство;
- во 2010 и 2011 година по основ на склучени договори за донација примени се материјални и нематеријални средства кои не се воведени во финансиската евиденција;
- не е извршено правилно пресметување на амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства;
- постои неусогласеност во делот на ревалоризираната набавна вредност, ревалоризираната исправка на вредноста и ревалоризираната сегашна вредност искажани во материјалната и финансиската евиденција.

Погоре утврдените состојби не се во согласност со Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и имаат за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните состојби на

средствата, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите што ги даваат истите.

По одржување на завршниот состанок ДИК на ден 17.10.2012 година до овластениот државен ревизор достави известување за превземени мерки за надминување на утврдената состојба во делот на начинот на пресметување на амортизацијата на нематеријалните и материјалните средства (исправка во софтверската апликација без притоа да се достават конкретни податоци за извршените корекции во начинот на пресметана амортизација/вредносни показатели).

**Препорака**
Раководителот на субјектот да ги задолжи одговорните лица да вршат целосно, правилно и навремено евидентирање на материјалните и нематеријалните средства во материјалната и финансиската евиденција и обезбедат нивно усогласување.

### 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. Според податоците доставени од ДИК за начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за доделување на договори за јавни набавки, во известувачкиот период се спроведени повеќе постапки за доделување на договори за јавна набавка на стоки, услуги и работи во вкупен износ од 111.250 илјади денари.
На ревизијата и се презентирани повеќе овластувања издадени од претседателот на ДИК и заменик претседателот на ДИК со што се врши делегирање на овластувањата во делот на процесот на јавни набавки.

Со извршената ревизија на начинот на планирање, доделувањето на договорите за јавни набавки на работи, стоки и услуги и следење на нивната реализација, ревизијата го констатира следното:

- во годишниот план за јавни набавки не е извршено разграничување на потребите за набавки по видови на стоки, услуги и работи, а за некои видови набавки дадена е збирна проценета вредност што не е во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки;
- спроведени се постапки и склучени се договори за јавна набавка кои не се планирани со планот за јавни набавки, односно за кои не е извршено изменување и дополнување на планот за јавни набавки и финансискиот план;
- во склучените договори за јавна набавка не секогаш се утврдува вкупната вредност и количината на предметот на набавка (Прилог број 1);
- не е воспоставена евиденција и следење на месечно ниво на извршените набавки согласно член 11 од Законот за јавни набавки при што без

постапка за јавна набавка можат да се вршат набавки чиј износ месечно не е поголем од 500 евра во денарска противвредност без ДДВ;

- дел од постапките со преговарање без претходно објавување на оглас се спроведени во исклучително кратки рокови (Прилог број 2). При тоа во поголемиот дел од така спроведените постапки не е презентиран доказ за доставени покани за преговарање до економските оператори, постои неусогласеност на времето на преговарање наведено во записниците од преговарање со економските оператори и извештајот од спроведената постапка, не секогаш од економските оператори е приложена конечна понуда односно е доставена изјава дека нивната понуда не може да се подобри и не е презентиран доказ дека сите понудувачи се известени за извршениот избор на најповолна понуда;
- дел од донесените поединечни одлуки за потреба од јавна набавка за изборни активности за двата изборни процеси се датирани со датум пред денот на усвојување и донесување на измените и дополнувањата на Одлуката за утврдување на план за вкупни потреби за јавни набавки и Годишниот план за јавни набавки (Прилог број 3);
- до Бирото за јавни набавки не се доставени известувања за склучените договори за јавна набавка на стоки и услуги поврзани со изборните активности по спроведените постапки со преговарање без претходно објавување на оглас.

**Доделување на договори за јавни набавки за редовни активности**

Донесена е одлука за јавна набавка на градежно занатски работи и услуги за адаптација на постоечкиот деловен простор во работните простории на ДИК во висина од 2.400 илјади денари со спроведување на постапка со преговарање без претходно објавување на оглас. Утврдената постапка и висината на средствата не се усогласени со планот за јавни набавки. Од извршениот увид во презентираната документација за реализација на склучените договори со избраните економски оператори ревизијата констатира дека предметот на набавка по вид и обем наведен во фактурите не е во целост усогласен со понудите и склучените договори, евидентно е надминување на утврдениот рок за изведување на работите, во записникот за примопредавање не е наведен датумот кога е извршена проверка на завршените работи. Склучени се два анекс договори, со кои еден од економските оператори извршил дополнителни работи кои изнесуваат 48% повеќе од вредноста на основниот договор. За констатираната потреба од дополнителни работи не е донесена соодветна одлука. Утврдените состојби не се во согласност со член 26, член  27, член 28 и член 99 од Законот за јавни набавки.

Врз основа на спроведена постапка со прибирање на понуди без објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка за услуги за

дијагностика, поправка и одржување на моторните возила во сопственост на ДИК склучен е договор со избраниот најповолен понудувач во кој не е определена вкупна вредност. Од извршениот увид во презентираната документација ревизијата утврди дека во известувачкиот период се вршени набавки на резервни делови кои не биле предвидени во понудата, вредноста на извршената услуга (работна рака) во фактурите не може да се потврди. Вкупниот износ на набавки го надминуваат за повеќе од 50% износот на обезбедени средства со одлуката за јавна набавка при што не е донесена одлука за потреба од дополнителни работи и не е спроведена соодветна постапка за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со член 27 и член 99 од Законот за јавни набавки.

Спроведена е постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги за одржување и сервисирање на информатичка опрема во сопственост на ДИК со барање за прибирање на понуди без претходно објавување на оглас. Со извршениот увид во одредбите на склучениот договор, расположивата документација од спроведената постапка и примените фактури од добавувачот, ревизијата констатира дека од избраниот понудувач во два наврати набавени се хард дискови чија што вредност ја надминува вредноста на склучениот договор и висината на обезбедени средства со одлуката за јавна набавка. Во тендерската документација покрај другото е определено понудувачите да достават и ценовник за критичните делови за системот надвор од гарантен рок за кои би можела да се јави потреба од нивна замена, и тоа посебно за сервери, десктопи и лаптопи, при што не се обезбедени средства за нивна набавка, а цените на резервните делови не се предмет на евалуација за избор на најповолна понуда. Ваквата состојба не е во согласност со член 27 од Законот за јавни набавки.

**Доделување на договори за јавни набавки за потребите на изборниот процес**

Во известувачкиот период спроведени се два циклуси на предвремени избори и тоа предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 05-ти јуни 2011 година и предвремените избори за градоначалник на општина Сарај одржани на 18-ти декември 2011 година. За реализацијата и непречено одвивање на изборните активности ДИК имала потреба од доделување на повеќе договори за јавни набавки на стоки и услуги. Неоспорувајки го фактот дека наведените активности не можеле да бидат опфатени со Годишниот план за јавни набавки на ДИК, кој ДИК имала обврска да го донесе до крајот на месец јануари тековната година, се пристапува кон спроведување на одредени постапки за доделување договори за јавни набавки согласно одредбите од член 99 став 1 точка 1 алинеа 3 од Законот за јавни набавки. Со извршената ревизија на спроведените постапки ревизијата констатира одредени состојби со кои се повредуваат основните принципи од Законот за јавни набавки

(конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки) и тоа:

- спроведени се повеќе постапки со преговарање без претходно објавување на оглас за доделување на договор за јавни набавки на услуги и стоки за кои се констатирани повеќе повреди во постапката на доделување и склучување на договорите за јавна набавка чија договорна вредност изнесува 66.198 илјади денари (Прилог број 4), имајки во предвид дека во доделените договори за јавна набавка на телефонски услуги и телефонија (PSTN) и ADSL линии за интернет не е утврдена вредноста на набавката;
- во известувачкиот период со прввобитниот носител на набавката склучени се: анекс на договор за испорака и инсталација на ГИС апликативен софтвер во износ од 389 илјади денари, анекс на договор за одржување на апликативен софтвер за деловно работење со месечен надомест од 15 илјади денари и договор за набавка на автоматски печати со сопствено перниче, резервни перничиња и сервисирање на постоечките печати за потребите на предвремени парламентарни избори јуни 2011 година во износ од 727 илјади денари без да биде спроведена постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, што не е во согласност со член 99 од Законот за јавни набавки;
- во известувачкиот период ДИК имал потреба од мрежна опрема која би била во функција за поврзување на ДИК со Општинските изборни комисии за непречено пренесување на информации во насока на спроведување предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 05-ти јуни 2011 година. Имајки ги во предвид изнесените состојби во делот на нагласувања на прашања за неизвесност или континуитет од овој Извештај, ДИК пристапува кон склучување на два договори со провајдерот на АДСЛ линии за позајмување на мрежна опрема во траење од 1 месец со вкупна вредност од 697 илјади денари. При тоа на ревизијата не и е презентиран акт/одлука со кој е утврдена потребата за закуп на мрежната опрема (видот и количината), висината на обезбедени средства за таа намена и не е спроведена постапка со преговарање без објавување на оглас. Од страна на провајдерот до ДИК доставени се фактури за закуп, конфигурација и инсталација на опремата согласно склучените договори, при што кон истите се приложени потпишани записници за примопредавање на опремата кои немаат датум.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

4.4.2. Склучен е Договор за користење на услуги за транспорт и хотелско сместување на лица именувани во избирачките одбори во ДКП-та за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 05-ти јуни 2011 година, во вредност од 25.361 илјада денари[3] и Анекс[4] на истиот, за дополнителните непредвидени работи во вредност од 165 илјади денари. При увид во начинот на реализацијата на одредбите од договорот и пропратната документација утврдени се подолунаведените состојби:

- во член 7 од одредбите на наведениот договор е уреден начинот на доставување на фактурата односно уредено е дека истата се доставува по извршување на услугата, притоа приложувајки ги потребните документи уредени во наведениот член. Спротивно на наведениот член од договорот, пред целосното извршување на услугата, на ден 31.05.2011 година на носителот на предметната набавка извршено е авансно плаќање на вкупниот договорен износ по фактура во износ од 25.361 илјади денари;
- со одредбите на членовите 3 и 7 од наведениот договор уредени се постапките на обезбедување на потребните услуги како и нивно документирање со приложување на потребната документација за извршените услуги. За таа цел на ден 25.07.2011 година ДИК писмено побарала од економскиот оператор да достави соодветна документација за извршените услуги. На ден 03.08.2011 година економскиот оператор доставил прилог/препис на Извештај (кој е со архивски печат но без број, а е со дата 13.06.2011 година), во кој е наведено дека со истиот е доставена потребната пропратна документација. На ревизијата не и се презентирани уредни и веродостојни акти кои содржат податоци дека сите наведени прилози се предадени и доставени до ДИК кои би послужиле како основ за потврдување на извршените услуги;
- презентирани се акти/дописи од економскиот оператор со наслов „предадени патни документи“ поединечно за триесет и шесте (36) избирачки одбори во ДКП-та. На наведените акти/дописи вршени се корекции (рачно) во делот на предадените патни исправи и во делот на наведените имиња и презимиња на лицата (со корегирање и со додавање на одредени описи на документи и лица), без притоа секоја корекција да е проследена со верификација/потпис од страна на лицето/правниот субјект кој ја извршил; без наведување на полни имиња и презимиња и печати од лицата и правните субјекти помеѓу кои е извршено предавање односно примање на наведените патни исправи и без потписи од страна

[3]Вкупната вредност на договорот е поделена на два дела и тоа: дел 1 – превоз со комбе на лицата именувани во избирачките одбори за изборна единица 7 и резервација на хотелско сместување во износ од 1.755 илјади денари без вклучен ДДВ и дел 2 – авионски превоз на лицата именувани во избирачките одбори за изборните единици 7 (непокриени дестинации во дел 1 на предметната набавка од договорот), 8 и 9 и резервација на хотелско сместување во износ од 23.606 илјади денари без вклучен ДДВ.
[4]Архивиран под број 03-1419/16 од 20.06.2011 година.

на наведените лица/членови на избирачките одбори во ДКП-та дека ги примиле наведените акти;

- на ден 07.09.2011 година, извршена е исплата на износ од 165 илјади денари без ДДВ по Анекс договорот по четири (4) фактури со дата од 04.07.2011 година, без презентирање на соодветна поткрепувачка документација како основ за исплатата.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот на јавните набавки, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2011 година и има за ефект незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ги превземе неопходните активности за надминување на утврдените состојби и обезбедување законско постапување при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки; нивната реализација како и континуирано едуцирање на вработените за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

4.4.3. Надоместувањето за извршениот ангажман на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 05-ти јуни 2011 година, е уредено со Правилник за надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 05-ти јуни 2011 година, Упатство за надоместокот на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 05-ти јуни 2011 година и повеќе Одлуки донесени од ДИК во текот на 2011 година. При увид на наведените акти, пресметувањето и начинот на реализација/исплата на надоместоците и нивната евиденција утврдени се подолунаведените состојби и тоа:

- не се презентирани извештаи за работа од страна на сите членови на изборната администрација (вработените во стручната служба на ДИК, лица времено ангажирани за изборен процес во помошните тела на ДИК и други лица времено ангажирани за изборен процес по налог на ДИК) што не е во согласност со член 5 став 2 од Упатството за надоместокот на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 05-ти јуни 2011 година;
- во презентираната книга на потписи за присуство повеќето ангажирани лица не го верификувале присуството со свој потпис во периодот за кој биле ангажирани;

- во погоренаведеното Упатство за вработените во стручната служба на ДИК (со подрачни одделенија – Гевгелија, Чаир, Карпош, Центар и Кисела вода) и на лицата времено ангажирани за изборен процес во помошните тела на ДИК, се определува надомест „до четири просечни исплатени нето плати во Република Македонија за претходниот месец“ при што за конкретните износи за исплата определени со одлука не е презентирана поткрепувачка документација за причините поради кои основицата за исплата се множи со определен број на нето плати (кој се движи од 0,25 до 3,5 просечни исплатени нето плати (субјективен пристап);
- пресметувањето на надоместокот на лицата во помошни тела-касарна Илинден, помошни тела останати лица и лица овластени од ДИК вработени во ДКП на Република Македонија во странство е по цена од 100,00 денари за саатнина, без притоа наведениот начин на пресметување да е уреден во презентираниот правилник/упатство или друг акт.

Наведените состојби не се согласно одредбите на Изборниот законик, Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници што има за ефекти неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните расходи по наведените основи и создавање можност од постоење на субјективен пристап при утврдувањето и исплатата на истите.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе мерки и активности за преиспитување на интерните акти кои го уредуваат начинот на надоместување на членовите на изборните органи и изборната администрација; нивно усогласување со одредбите од Изборниот законик и обезбедување на соодветна поткрепувачка документација при исплатите по овој основ.

### Вкупни ефекти од наодите

Вкупниот ефект од утврдената состојба предизвикува: неупишување на правото на користење на недвижниот имот кој е доделен на користење на ДИК, неизвестување на надлежните органи за движниот и недвижниот имот, недонесен акт за доделување на користење на движен и недвижен имот од Министерството за правда, несоодветно постапување при извршувањето на пописот, разгледувањето на извештајот за попис и неговото прифаќање, недоследности во начинот на евидентирање и признавање на материјалните и нематеријалните средства и несоодветно постапување при доделувањето на договорите за јавните набавки.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според, наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.1.; 4.3.2.; 4.3.3.; 4.3.4.; 4.3.5.; и 4.4. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државната изборна комисија, не се во согласност со релеватната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Со одредбите на член 30 од Изборниот законик[5] се уредува формирањето и раководењето на стручната служба на ДИК која ги врши стручно - административните и организационо - технички работи на ДИК. Согласно одредбите на член 30 од Изборниот законик, ДИК именува генерален секретар и негов заменик. Генералниот секретар кој раководи со стручната служба, заедно со вработените во стручната служба имаат статус на државни службеници додека статусот на заменик генералниот секретар не е регулиран. Имајќи во предвид дека Законот за државните службеници[6] не предвидува работно место/звање заменик генерален секретар, се наметнува потребата од усогласување на законските акти во делот на статусот на заменик генералниот секретар на ДИК и неговите права и обврски од работниот однос[7].

6.2. Со одредбите на член 51 од Законот за државните службеници, на државните службеници кои работат подолго од полното работно време им се утврдува право на додаток на плата и тоа во висина од 35% по час од износот на основната плата и додатокот на плата за звање. Правото на додаток на плата за прекувремена работа на вработените во јавниот сектор е уреден и со членот 17 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, но во висина од 29%. Наведената одредба (висина) од општиот Колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија не е во

[5](Службен весник на Република Македонија“ број 40/06... 50/11).

[6](„Службен весник на Република Македонија“ број 59/00...24/12).

[7] Ваквата состојба предизвикува Генералниот секретар да зема плата согласно одредбите од Законот за државни службеници, а заменик генералниот секретар да зема плата согласно одредбите од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.

согласност со одредбите од член 12 став 2 од Законот за работните односи[8] односно со договор за вработување/Колективен договор не може да се определат помали права од правата утврдени со закон. Ваквата состојба упатува на потребата од усогласување на Општиот Колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија со одредбите од Законот за државните службеници. Во исто време ваквата состојба предизвикува на вработените во стручната служба кои биле ангажирани подолого од работното време во ДИК да им се исплати помало право на додаток на плата од законски утврденото.

6.3. При увид во законските/подзаконските акти кои ја уредуваат областа на даноци утврдено е постоење на неусогласеност помеѓу истите и Изборниот законик. Во член 11 од Изборниот законик (Службен весник на РМ бр.40/06, 136/08, 155/08, 44/11 и 50/11) е наведено „За дејствијата, актите, поднесоците и другите списи во врска со спроведувањето на изборите, во изборната постапка, услугата, печатењето на гласачките ливчиња и набавка и увоз на изборен материјал не се плаќа царина и данок. Сите дејствија и акти на државните органи, сите поднесоци и докази во врска со евиденцијата на избирачкото право се ослободени од плаќање на такси и даноци. Министерството за финансии го пропишува постапувањето при оданочување со данок на додадена вредност на прометот на гласачките ливчиња и изборниот материјал потребен за спроведување на изборите, како и царинење.“ Повикувајќи се на погоренаведениот член од законот, ДИК со писмо број 10-400/1 од 02.05.2008 година, се обратила до Министерството за финансии – Сектор за даноци, заради барање на мислење дали ДИК за надоместоците на изборните органи треба да плаќа персонален данок за сите ангажирани лица за извршени работи во изборен процес. Воедно побарано е допрецизирање на поимот „данок“ според член 11 од Изборниот законик, односно кои се видови на данок ги опфаќа. На ден 12.05.2008 година од Министерството за финансии (архивирано под број 10-400/2) добиено е писмо број 11-18679/2 од 28.04.2008 година во кое е изразено мислење, односно е наведено „сите превземени активности поврзани со изборите се ослободени од плаќање на сите видови данок, вклучувајки го персоналниот данок на доход“ и „на исплатените надоместоци на лицата ангажирани во изборните органи, за извршените работи во изборниот процес не постои обврска за плаќање на персонален данок на доход.“

На ден 25.04.2011 година со писмо број 05-759/1 до Министерството за финансии е доставено барање/мислење за тоа, дали ДИК за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 5-ти јуни 2011 година, треба да плаќа царина и данок на

[8]“Со договорот за вработување односно со колективен договор не може да се определат помали права од правата утврдени со закон, а ако содржат такви одредби, се сметаат за ништовни и се применуваат соодветни одредби од закон“ („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05...39/12).

дејствијата, актите, поднесоците и други списи во врска со спроведувањето на изборите во изборната постапка, услугата за печатење на гласачките ливчиња и набавка и увоз на изборен материјал, односно данок на додадена вредност (за набавка на телекомуникациски услуги и мрежна опрема) и персонален данок за надоместоци на лицата ангажирани во изборниот процес.

На ден 05.05.2011 година (архивирано под број 05-759/2) добиено е писмо/мислење (број 20-15466/2 од 29.04.2011 година) од Министерството за финансии во кое е наведено „... составот на поимот – изборен материјал- е регулиран со посебен закон, односно со Изборен Законик на Република Македонија кој е во надлежност на Сектор за системот на утврдување и исплата на даноци, такси и други јавни приходи“ и „..во член 11 од Изборниот законик уредено е ослободување од плаќање на данок за сите дејствија во врска со спроведување на изборите, па според тоа не постои обврска за пресметување и плаќање на персонален данок на доход на исплатените надоместоци на лицата ангажирани во изборните органи.“

Во член 6 од Законот за персоналниот данок на доход[9] наведени се повеќе видови примања на кои не се плаќа данок на доход односно во истите не е наведено ослободување од плаќање на персонален данок на доход на надоместоците исплатени на лицата ангажирани во изборениот процес. Поради тоа потребно е да се превземат активности за меѓусебно усогласување на одредбите на наведените закони.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

7.1. За чување на доверлив и недоверлив гласачки материјал (гласачки кутии, паравани, УВ ламби, УВ спрејови, гласачки ливчиња и друг изборен материјал), ДИК има потреба од користење на простории. Имајќи во предвид дека ДИК нема доволно простор за користење и чување на наведените материјали, ги користи просториите во касарната “Илинден“ во Скопје за кои на ревизијата и беа презентирани дописи од 2009 година и тоа: “Барање“ број 07-03/1 од 02.01.2009 година доставено од ДИК до Кабинетот на Министерот за одбрана на Република Македонија, Кабинетот на Началникот на Генералштабот на АРМ и Командантот на Касарната “Илинден“ – Скопје, со кое се бара писмена согласност за понатамошно користење на просториите во касарната “Илинден“ се до обезбедување на соодветен простор од страна на Владата на Република Македонија и “Одговор на барање“ број 17/6-25/3 од 23.01.2009 година од страна на Министерството за одбрана, Сектор за логистика и недвижности – Одделение за недвижности до ДИК со кој се дава согласност и се ставаат на располагање простории во објектите бр.55 и 56 во касарната. Неоспорувајќи ги превземените постапки од погоренаведените органи за обезбедување на потребните простории, ревизијата укажува на потребата ДИК да се обрати до Владата на Република Македонија која

[9] („Службен весник на Република Македонија“ број 74/06 ... 135/2011).

согласно член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи е единствен надлежен орган кој одлучува за престанок и давање на користење на недвижни ствари во државна сопственост.

7.2. Во февруари 2011 година од страна на раководителот на секторот за инфоматичка технологија на ДИК е изработен елаборат за оправданост на компјутерска мрежа во ДИК со работен наслов „Предлог за изработка на компјутерска мрежа“ и е предаден до тогашниот претседател на ДИК, кој по извршени разговори со претставници на Мисијата на ОБСЕ[10] во Скопје има покренато иницијатива за донирање на мрежна опрема за потребите на ДИК. Предложената компјутерска мрежа е дизајнирана да и служи на ДИК и нејзините 34 подрачни одделенија и канцеларии, лоцирани на 34 различни локации, кои собираат географски и демографски информации на локално ниво покривајќи ги сите 84 општини во Република Македонија. Заради дефинирање на потребната мрежна опрема со елаборатот е изработена техничка спецификација во која е даден предлог да се обезбедат (2) два заштитни ѕида Cisco ASA 5520 Firewall, (34) триесет и четири ADSL рутирачки уреди Cisco 857 и (1) еден рутирачки уред за интернет Cisco 2811 и истата е доставена до Мисијата на ОБСЕ во Скопје за одобрување од страна на Седиштето на ОБСЕ во Виена. По нејзиното одобрување во месец март 2011 година, потпишан е Меморандум за соработка помеѓу ДИК и Мисијата на ОБСЕ во Скопје и започнат е да се реализира “Проектот за промовирање на меѓународните изборни стандарди и пракси“.

Со цел поддршка на Проектот, со Мисијата на ОБСЕ во Скопје склучен е договор за донација[11] на опрема: (1) еден заштитен ѕид Cisco ASA 5520, (34) триесет и четири рутирачки уреди Cisco 857 и (1) еден рутирачки уред Cisco 2811 и едногодишна поддршка 8x5xNBD во вкупна вредност од 15.772 евра и приложен е „HAND-OVER DOCUMENT“ за примопредавање на донираната опрема на 20.05.2011 година. Со договорот за донација е уредено опремата првично да биде „инсталирана во канцелариите на Општинските изборни комисии за да се користи за комуникациски цели за време на изборните активности на ДИК во врска со Предвремените парламентарни избори 2011“, по што ДИК на сопствен ризик и трошок има обврска да ја пренесе опремата во подрачните одделенија и канцеларии во рок од 30 дена по денот на изборите. Покрај испораката, обврска на Мисијата на ОБСЕ во Скопје била и да ја инсталира наведената опрема. При обидот за поставување на опремата, во присуство на претставници на провајдерите на АДСЛ линии во Република Македонија, на лице место е констатирано дека рутерите не можат да се користат во постојната инфраструктура на Македонски телеком[12] односно во

[10]Организацијата за безбедност и соработка во Европа.
[11]Договор број 03-1541/1 од 26.05.2011 година.
[12]Донираните рутери се доставени со ANNEX A-DSLAM модул, додека од страна на Македонски Телеком е добиена информација дека нивната инфраструктура поддржува рутери со вграден ANNEX B-DSLAM модул.

Република Македонија може да се користи само АДСЛ инфраструктура која е подигната преку ИСДН линии.

По констатирањето веднаш било укажано на генералниот секретар на ДИК и на членовите на ДИК дека добиената донирана опрема не може да се користи, за што по е-маил бил известен и претставник на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во мај 2012 година од страна на генералниот секретар на ДИК доставено е писмено Известување до Мисијата на ОБСЕ во Скопје со кое бара горенаведената донирана опрема да биде повлечена од страна на донаторот или заменета со нови рутери кои ќе бидат компатибилни со постојната инфраструктура на Македонски телеком, по што ОБСЕ доставил повратен одговор со кој бара од ДИК да достави пишан извештај кој ќе содржи краток опис на преземените активности и сознанијата за околностите кои довеле до „нефункционирање" на опремата која ја побарала ДИК.

По наредба од генралниот секретар на ДИК, од страна на раководителот на секторот за информатичка технологија изготвен е писмен извештај[13] кој дава хронолошки приказ и укажува дека причина за настанатата ситуација е тоа што во техничката спецификација од елаборатот, каде како предлог е даден Cisco Ruter 857, не бил стриктно дефиниран делот во кој се наоѓа ДСЛ спецификацијата, за да може набавувачот да се консултира со провајдерите на АДСЛ линии во Република Македонија, што од нивна страна не било направено.

До денот на известување од извршената ревизија состојбата со донираните 34 рутери не е разрешена, истите стојат неупотребени во просториите на ДИК а подрачните одделенија и канцеларии не се поврзани со компјутерска мрежа.

Во врска со погоре наведеното ревизијата смета за потребно да обелодени дека со иста техничка спецификација ДИК се обидувал, започнувајки од 2009 година во повеќе постапки за доделување договори за јавни набавки (од кои само во текот на 2011 година спроведени се три постапки), да изврши набавка на потребните количини, но заклучно со 2011 година не е извршен избор на најповолен понудувач, односно за две постапки во 2011 година донесени се одлуки за поништување на постапките, а за третата постапка за јавна набавна не е донесена одлука за поништување на постапката за јавна набавка и не е извршен избор на најповолен понудувач.

Скопје, 07.02.2012 година

[13]Писмен одговор бр.02-971/2 од 13.07.2012 година на Наредба бр.02-971/1 од 04.07.2012 година, доставен до претседателот, потпретседателот и членовите на ДИК и генералниот секретар на ДИК.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 277,837 | 46,338 |
| **Вкупно приходи** | **277,837** | **46,338** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 48,043 | 35,017 |
| Резерви и недефинирани расходи | 277 | 185 |
| Стоки и услуги | 124,660 | 8,324 |
| Субвенции и трансфери | 101,288 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | **274,268** | **43,526** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 3,569 | 2,812 |
| **Вкупно капитални расходи** | **3,569** | **2,812** |
| **Вкупно расходи** | **277,837** | **46,338** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 149 | 95 |
| Побарувања од вработените | 137 | 18 |
| Активни временски разграничувања | 5,039 | 6,235 |
| **Вкупно тековни средства** | **5,325** | **6,348** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 7,684 | 2,295 |
| Материјални средства | 12,034 | 8,346 |
| **Вкупно постојани средства** | **19,718** | **10,641** |
| **Вкупна актива** | **25,043** | **16,989** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1,041 | 2,333 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 3,898 | 3,802 |
| Пасивни временски разграничувања | 386 | 213 |
| **Вкупно тековни обврски** | **5,325** | **6,348** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 19,718 | 10,641 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **19,718** | **10,641** |
| **Вкупна пасива** | **25,043** | **16,989** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **10,641** | **10,641** |
| **Зголемување по основ на:** | **13,252** | **13,252** |
| Набавка на постојани средства | 10,902 | **10,902** |
| Ревалоризација на капитални средства | 2,350 | **2,350** |
| **Намалување по основ на:** | **(4,175)** | **(4,175)** |
| Амортизација | (3,837) | **(3,837)** |
| Ревалоризација на амортизацијата (вредн. усогл. на аморт.) | (338) | **(338)** |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **19,718** | **19,718** |